Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 26.02.2022

На 26.02.2022 во 00.05 часот во угостителски објект на подрачјето на Кисела Вода полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје, го лишиле од слобода Г.С.(34) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.02.2022 во 21.50 часот на подрачјето на Гази Баба полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода Р.Г.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.02.2022 во 14.30 часот на подрачјето на Чаир полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода З.И.(31) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.02.2022 во 14.25 часот во село Чајле од страна на полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар биле лишени од слобода И.Д.(50) од с.Равен и А.А.(49) од село Ростуше затоа што кај А.А. била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.02.2022 во 10.40 часот било пријавено дека на бул."Мајка Тереза" патничко моторно возило "бмв 320-д" со скопски регистарски ознаки управувано од Т.М.(22) од село Горно Количани-скопско удрило во В.Т.(71) од Скопје. В.Т. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Комплексот клиники "Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 25.02.2022 во 14,55 часот било пријавено дека на регионалниот пат село Прдејци – село Смоквица, поточно на место викано „Ивикта" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило "рено меган" со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од Д.Ф.(36) од село Миравци и патничко моторно возило "дачија" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Ќ.(23) од Гевгелија. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од возилото "дачија" М.П.(22) од Гевгелија, а со телесни повреди се здобиле тројца сопатници од истото возило Ј.Т.(22) с.Стојаково, С.А.(21) од Струмица и Г.М.(20) од Стар Дојран како и двајцата возачи, констатирани во Општата болница во Гевгелија. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Гевгелија.

На 26.02.2022 во 00.20 часот во Полициската станица Аеродром Ф.П.(38) од Скопје, пријавил дека на бул."АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 25.02.2022 во 15.00 часот во Полициската станица Кисела Вода И.М.(43) од Скопје пријавил дека во с.Долно Соње бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Н.(41) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". На 12.05.2017, пријавениот во својство на секретар во ЈЗУ„Општа болница" Охрид и претседател на Комисија за дисциплинска постапка, со искористување на својата положба и овластување донел одлука за отстранување од работното место на О.Л., референт за јавни набавки, се до завршување на дисциплинската постапка, за кое време би примала надоместок во висина од 50% од платата. Со ваквите дејствија пријавениот го оштетил фондот на ЈЗУ„Општа болница" Охрид за износ од 61.240 денари.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против С.Л.(34) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување на исправа„ и „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 04.03.2021 на Граничен премин „Деве Баир" пријавената употребила фалсификуван ПЦР тест.

На 25.02.2022 околу 20.00 часот, на улица "Поточка" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 22-годишниот тетовец А.Т., затоа што при преглед му била пронајдена марихуана.Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот против него ќе следува поднесок.

На 25.02.2022 година во СВР Охрид, бил приведен Н.Ј.(36) од Скопје. При извршен преглед, полициските службеници кај него пронашле и одзеле марихуана. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.02.2022 година во 00,45 часот во врска со претходно лажна пријава дека наводно ќе постави бомба во Царинска управа, лишен од слобода е Д.И. (52), со кој во Полициска станица Драчево е извршен службен разговор. Имено, веднаш по добиената пријава (закана), полициски службеници преземаа оперативни дејствија и утврдија дека се работи за лажно пријавен настан.

На 26.02.2022 во 09.50 часот на подрачјето на Бит пазар од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода С.Н.(30) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "тешка кражба". Имено пријавениот кривичното дело го сторил на 31.07.2021 на ул."Прохор Пчински" при што од патничко моторно возило "форд куга" со скопски регистарски ознаки сопственост на Б.Ц. од Скопје одзел електричен тротинет и детска количка, вредни околу 70.000 денари. По целосното документирање на случајот ќе следи кривична пријава по чл.236 од КЗ на РСМ.

На 25.02.2022 околу 14.00 часот во ОВР Струга е пријавено дека, Б.Н.(41) од струшкото село Велешта, пред влезот на хотелски објект на улицата „Партизанска" во Струга, пукал од огнено оружје. Повредени лица нема а ОВР Струга, по насоки на Јавен обвинител работи на расчистување на случајот.

На 25.02.2021 во ОВР Кичево, бил приведен 17 годишник од с.Лисичани. При преглед извршен на улицата „Веле Змејкоски" во Кичево, полициските службеници кај него пронашле и одзеле марихуана. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.Р.(43) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 15.02.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле метамфетамин и марихуана.

На 26.02.2022 во 06.25 часот на ул."Мирослав Крлежа" кај Министерство за култура од полициски службенци во Полициска станица Центар била приведена И.Н.(28) од Прилеп затоа што го нарушила јавниот ред и мир и агресивно се однесувала кон полициски службеници кои извршувале службени дејства. Против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.02.2022 во 12.20 часот К.М.(64) од с.Прналија, пријавил дека околу 10.30 часот во с.Прналија М.Е.(47) физички ја нападнал неговата малолетна внука. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.02.2022 во 18.30 часот П.Р (40) од Радовиш пријавил дека околу 18.30 часот во угостителски објект во Радовиш бил физички нападнат од А.З од Радовиш. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.02.2022 во 23.00 часот Ж.Ѓ.(61) од с.Костурино пријавил дека околу 18.30 во угостителски објект во с.Костурино бил физички нападнат со тврд предмет од П.Т. Се работи на расчистување на случајот.

Во текот на вчерашниот ден (25.02.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 197 возачи. Од нив 12 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 93 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 104 надвор од населено место. Засилените акциски контроли продолжуваат и во наредните денови. Апелираме до сите учесници во сообраќајот да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи и заеднички да придонесеме за побезбедни патишта.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (25.02.2022) спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на возачите кои не ги пропуштаат пешаците на пешачки премин, односно не ги почитуваат обврските како возачи. При контролата санкционирани се 168 возачи. Министерството за внатрешни работи продолжува со засилените акциски контроли. Апелираме до возачите секогаш да ги пропуштаат пешаците, односно да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. Исто така, апелираме и до пешаците да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи и да го минуваат коловозот на обележан пешачки премин затоа што непочитувањето на сообраќајните правила ќе биде санкционирано. Сите заеднички, со почитување на правилата, мора да придонесеме за побезбедни сообраќајници.

На 25.02.2022 во 09.15 часот било пријавено дека во Тетово во спортска обложувалницата едно лице со закана со тврд предмет од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.Р.(43) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 15.02.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле метамфетамин и марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.М.(28) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 03.07.2021 во Градски парк Скопје, полициски службеници извршиле преглед врз пријавената, при што пронашле и одзеле амфетамин.

ОВР Гостивар поднесе кривична пртијава против М.А.(60) од село Врапчиште поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 20.01.2022 на ул.„Браќа Ѓиноски" во Гостивар, полициски службеници извршиле контрола и констатирале дека пријавениот со патничко возило „форд" врши јавен превоз на патници без поседување на соодветна лиценца за вршење на дејноста издадена од надлежна институција.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Ф.А.(27) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 03.02.2022 во населба „Млаки" во Гостивар, полициски службеници извршиле контрола и констатирале дека пријавениот со патничко возило „форд" врши јавен превоз на патници без поседување на соодветна лиценца за вршење на дејноста издадена од надлежна институција.

На 26.02.2022 во 00.10 часот од полициски службеници од Полициската станица Прилеп на ул.„Кузман Јосифоски" во Прилеп пред угостителски објект бил лишен од слобода М.С.(23) од Прилеп поради тоа што по претходна расправија го нарушил јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка со А.Т.(36) од Битола, а потоа и агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејства заканувајќи им се со остар предмет. По целосното докуметирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.02.2022 во 23.00 часот М.А.(23) од Виница пријавил дека околу 21.30 часот на подрачјето на Центар по претходна расправија околу сообраќај бил физички нападнат од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.02.2022 во 18.25 часот К.П.(55) од Скопје, пријавил дека на 24.02.2022 околу 16.20 часот на подрачјето на Карпош по претходно недоразбирање бил физички нападнат од Н.Н. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.02.2022 во 09.30 часот во Полициската станица Карпош С.С.(31) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила М.Х.(16) на која е законски доделен старател. Се превземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 25.02.2022 во 13.10 часот било пријавено дека во Куманово на ул.„Трета Македонско Ударна Бригада" избувнал пожар во куќа сопственост на Д.С. при што била опожарена една просторија со кујна со целокупниот инвентар. Од страна на Териториjалата противпожарна единица-Куманово пожарот бил изгаснат. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 25.02.2022 во 15.20 часот било пријавено дека во Свети Николе во кругот од фирма Ѓ.Н.(56) од Скопје при изведување на работни задачи се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничкиот центар во Штип. Известен бил трудов инспектор. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Свети Николе.

На 25.02.2022 во 16.00 часот било пријавено дека во Општата Болница во Кавадарци бил донесен Г.Ј.(48) од с.Шивец кој се здобил со тешки телесни повреди при извршување на работни задачи во фирма во с.Возарци. Известен бил трудов инспектор. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 25.02.2022 во 10.10 часот полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода З.О.(45) од с.Теново-тетовско поради постоење основи на сомнение дека околу 09.00 часот пријавениот го скршил прозорецот од куќа сопственост на А.О.(57) од с.Теново влегол внатре и со запалка предизвикал пожар. По целосното расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет